Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
PROKURORIA PUBLIKE
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 03-453/3
06.07 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Јавно обвинителство на Република Северна Македонија

(контролор)

# ПРОЦЕДУРА ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## ВОВЕД

Процедурата за начинот на остварување на правата на субјектите на личните податоци е дел од системот за заштита на личните податоци во функција на спроведување на техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци во јавните обвинителства.

Јавните обвинителства во Република Северна Македонија – Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, вишите јавни обвинителства и основните јавни обвинителства, согласно својот делокруг на работење, а со цел остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела и прекршоци, вршат собирање, чување и обработка на лични податоци.

Од аспект на заштита на обработката на личните податоци, секое обвинителство е Контролор на лични податоци, а субјекти на лични податоци се сторителите на кривични дела, пријавителите, лица во својство на сведоци и други учесници во постапката, лица кои сѐ или биле вработени во обвинителствата, како и ангажирани лица за потребите на обвинителствата.

Оваа процедура ја дефинира рамката на постапката за пристап на субјектите до нивните лични податоци што ги обработува обвинителството за свои потреби согласно Законот за заштита на лични податоци. Процедурата ги опишува постапките за поднесување на барања од страна на субјектот на лични податоци за издавање на информации за обемот и целта на обработка на неговите лични податоци од страна на обвинителството, како и за промена, дополнување или бришење на дел од неговите лични податоци.

Во поглед на примена, оваа процедура се однесува за личните податоци со кои располага обвинителството содржани во збирка на лични податоци или се наменети да бидат дел од збирка на лични податоци.

## ПОИМНИК

Значење на одделни изрази употребени во текстот на процедурата:

1. **Личен податок** – секоја информација што се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува,
2. **Субјект на личните податоци** – секое „идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува",
3. **Контролор -** физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, што самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци (во овој случај Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, вишите јавни обвинителства и основните јавни обвинителства),
4. **Обработувач** - физичко или правно лице, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот,
5. **Обработка на личните податоци** - секоја операција којашто се извршува врз личните податоци, целосно или делумно автоматизирана (на пр. собирање, организирање, евидентирање, чување, увид, употреба, копирање, бришење итн.),
6. **Систем за заштита на личните податоци** - збир на документирани политики, кодекси на практика, насоки, процедури и работни инструкции донесени од страна на контролорот, што се во функција на спроведување на техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци,
7. **Информациски систем** - систем со кој може да се обработуваат личните податоци со цел да бидат достапни и употребливи за секој кој што има право и потреба да ги користи.

## ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци, Јавните обвинителства во Република Северна Македонија (во понатамошен текст: Контролор), самостојно и/или заедно со други ги утврдуваат целите и начинот на обработката на лични податоци. Кога целите и начинот на обработката се определени со закон или со друг пропис, тогаш Контролорот ги обработува личните податоци со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон.

Обработката на личните податоци мора да има законски основ и да се извршува во мера којашто е правична и транспарентна во однос на субјектот на личните податоци чиишто лични податоци се обработуваат. Обработката на личните

податоци ќе се смета дека е законита само доколку се врши врз некој од основите определени во членот 10 од Законот за заштита на личните податоци. Субјектот на личните податоци мора да биде свесен дека неговите лични податоци ќе се обработуваат, да донесе информирана одлука дали се согласува со таквата обработка и дека му е овозможено исполнување на своите права во однос на заштитата на своите лични податоци со што се исполнува принципот на правичната (фер) обработка. Покрај тоа, неопходна е транспарентност што подразбира дека контролорот мора да биде отворен и јасен кон субјектот на личните податоци при обработка на неговите лични податоци и навремено, со користење на јасен и едноставен јазик да ги известува субјектите на личните податоци.

Контролорите може да ги обработуваат личните податоци само за исполнување конкретни, јасни и легитимни цели, односно најпрво треба да се идентификува конкретната цел што ќе претставува рамка во којашто ќе се одвива обработката на личните податоци. Секундарна обработка што се спроведува за цел што е поинаква од првичната, може да биде законска само ако е компатибилна со првичната цел за чие исполнување личните податоци биле првично обработувани.

Контролорите ќе ги обработуваат само оние лични податоци што се соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно за остварување на целта. Во таа насока контролорот мора да се осигура дека обработката е навистина неопходна и дека обемот на лични податоци што се обработуваат се пропорционални со целта на обработка. Воедно, контролорот мора да имплементира соодветни мерки за личните податоци коишто ги обработува за тие да бидат точни, доколку е потребно ажурирани, како и мерки за навремено бришење и коригирање на личните податоци што се неточни или нецелосни.

Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на контролорот.

## ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

Кога податоците се прибираат од субјектот на лични податоци (субјект е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци) тој мора да биде информиран за: идентитетот на контролорот; контакт податоци за офицерот за заштита на лични податоци; целите на обработката; легитимните интереси; корисниците или категориите на корисници на личните податоци; постоењето на право на пристап, право на исправка на неговите лични податоци, право на бришење, право на ограничување на обработката, право на приговор како и право на преносливост на податоците.

Кога податоците не се прибираат од субјектот на лични податоци, контролорот во времето на евидентирање на личните податоци, а ако е предвидено личните

податоци да бидат откриени на трето лице најдоцна до моментот кога податоците првпат се откриени, мора да го информира субјектот на лични податоци за: идентитетот на контролорот, категориите на податоци; корисниците или категориите на корисници на личните податоци; целите за кои се земени личните податоци; намерата за пренос на податоците во трета земја; временски период за кој ќе се чуваат личните податоци.

Пред почетокот на прибирањето и обработката на личните податоци кои се неопходни за остварување на права од работен однос или договорни обврски, субјектот потпишува Изјава за согласност за користењето на личните податоци. (Прилог 7 кон оваа процедура)

Контролорот нема обврска да го информира субјектот на лични податоци, за обработка на личните податоци за научни или статистички цели, ако:

- истото е невозможно или бара несразмерен напор или трошоци или
- собирањето односно откривањето на личните податоци е утврдено со закон.

## ПРАВА НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Субјектот на лични податоци има право да побара од Контролорот да добие пристап до личните податоци и до следните информации:

- дали се врши обработка на неговите лични податоци,
- кои се целите и правната основа на обработката на личните податоци, категориите на личните податоци што се обработуваат и корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат личните податоци,
- сите достапни информации за изворот кога личните податоци не се собираат од субјектот на лични податоци,
- предвидениот рок за чување на личните податоци,
- за постоење на правото да побара исправка, бришење, ограничување на обработката и право на приговор,
- постоење на автоматизиран процес на одлучување, во случај на одлука донесена врз автоматска обработка, вклучувајќи го и профилирањето кои значително влијаат врз субјектот на лични податоци.

Доколку субјектот на лични податоци сака да побара информација во врска со претходно споменатото потребно е да пополни Барање за доставување на информации за обработка на личните податоци (Прилог 1 кон оваа процедура) објавено на Интернет страната на обвинителството. Барањето се доставува во печатена форма до архивата на контролорот или електронски на наведените контакти на офицерот за заштита на личните податоци. Контролорот е должен да обезбеди копија од личните податоци што се обработуваат и е должен да одговори

на уредно доставеното барање од страна на субјектот на лични податоци во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Ако субјектот на личните податоци поднесе барање по електронски пат, информациите ќе му бидат обезбедени на вообичаен начин што се користи во случај на електронска форма, освен ако субјектот на личните податоци не побарал поинаку. Доколку контролорот еднаш одговорил на ваквото барање од страна на субјектот на лични податоци, нема обврска повторно да одговори на исто или слично барање на тој субјект, ако во меѓувреме нема промени во неговите лични податоци, освен ако изминале шест месеци од денот на доставувањето на претходното барање до новото барање.

За сите дополнителни копии побарани од субјектот на личните податоци, контролорот донесува одлука дали ќе наплати надоместок. Доколку контролорот наплати надоместок, неговата висина зависи од обемот, сложеноста и времето потребно за обезбедување на копиите.

## ЗАПИРАЊЕ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Кога личните податоци се обработуваат со цел извршување на работи од јавен интерес или по службено овластување на контролорот или на трето лице на кое му се откриени податоците или исполнување на легитимните интереси на контролорот, трето лице или лице на кое податоците му се откриени, освен ако слободите и правата на субјектот на лични податоци не преовладуваат над таквите интереси, субјектот на лични податоци има право да побара запирање на обработката на неговите лични податоци.

Ако барањето е основано, контролорот е должен да ја запре натамошната обработка на личните податоци. За таа цел постои посебен образец, Барање за запирање на обработката на личните податоци (Прилог 2 кон оваа процедура), објавено на Интернет страната на обвинителството. Субјектот на лични податоци го доставува барањето во печатена форма до архивата на контролорот или електронски на наведените контакти на офицерот за заштита на личните податоци. Офицерот за заштита на личните податоци ги собира потребните информации за обработка на личните податоци на субјектот и доставува одговор на барањето.

## ИЗМЕНА, ДОПОЛНУВАЊЕ ИЛИ БРИШЕЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Кога личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани или обработени на друг начин, кога субјектот ќе поднесе приговор на обработката на личните податоци или пак личните податоци биле незаконски обработени ,за остварување на правото на слобода на изразување и информирање, субјектот на лични податоци има право да побара бришење на неговите лични податоци. По

барање на субјектот на лични податоци или кога контролорот ќе утврди дека личните податоци се нецелосни, неточни или неажурирани, односно доколку нивната обработка не е во согласност со законските одредби, контролорот е должен да ги дополни, измени, избрише или да ја запре натамошната обработка на личните податоци.

Кога барањето доаѓа од определен субјект на лични податоци, тој тоа го документира на посебен образец, Барање за исправка и дополнување на лични податоци (Прилог 3 кон оваа процедура), или Барање за бришење на лични податоци (Прилог 4 кон оваа процедура) објавени на Интернет страната на обвинителството.

Субјектот на лични податоци го доставува барањето во печатена форма до архивата на контролорот или електронски на наведените контакти на офицерот за заштита на личните податоци. Контролорот е должен да постапи по барањето за исправка и дополнување на лични податоци во рок од 15 дена, односно во рок од 30 дена по барањето за бришење на лични податоци и е должен писмено да го извести субјектот на лични податоци, корисниците на лични податоци или трети лица на кои им се откриени личните податоци, освен ако тоа не е возможно или ако тоа бара несразмерен напор или трошок.

## ПОВЛЕКУВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ

Обработката на лични податоци е дозволена само доколку личните податоци се обработуваат по претходно добиена согласност на субјектот на лични податоци, освен ако со друг закон поинаку не е предвидено. Субјектот на личните податоци има право во секое време со користење на едноставни средства да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци.

За повлекување на согласноста за обработка на лични податоци, субјектот треба да поднесе Барање за повлекување на согласност (Прилог 5 кон оваа процедура) објавено на страната на обвинителството. Барањето се поднесува во печатена форма до архивата на контролорот или електронски на наведените контакти на офицерот за заштита на личните податоци. По приемот на барањето контролот задолжително ќе го извести субјектот на личните податоци за своето постапување.

## ОГРАНИЧУВАЊА НА ПРАВАТА

Субјектот на личните податоци има право да побара ограничување на обработката од контролорот според член 22 од Законот за заштита на лични податоци, односно доколку точноста на личните податоци се оспорува од субјектот на личните податоци, за период кој му овозможува на контролорот да ја провери точноста на личните податоци; обработката е незаконска и субјектот на личните податоци се

спротивставува на бришењето на личните податоци, при што наместо тоа бара ограничување на нивната употреба; за целите на обработка, контролорот нема повеќе потреба од личните податоци, но субјектот на личните податоци ги бара за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања; субјектот на личните податоци се спротивставува на обработката согласно со членот 5 став 1 од Законот за заштита на лични податоци во очекување на верификација дали легитимните интереси на контролорот преовладуваат над интересите на субјектот на личните податоци.

Барањето за ограничување на лични податоци (Прилог 6 кон оваа процедура) е објавено на страната на обвинителството. Барањето се поднесува во печатена форма до архивата на контролорот или електронски на наведените контакти на офицерот за заштита на личните податоци.

Во согласност со член 27 од Законот за заштита на личните податоци, Контролорот може да го ограничи обемот на обврските и на наведените права на субјектот за заштита на личните податоци кога таквото ограничување е во согласност со суштината на основните права и слободи и претставува неопходна и пропорционална мерка со цел да се обезбеди непречено извршување на функцијата на јавното обвинителство.

Контролорот нема да постапи по барањето за доставување на информации за обработка на личните податоци од страна на субјектот на лични податоци кога е овластен согласно со закон и ако личните податоци се обработуваат исклучиво во кривична постапка или ако се собрани за утврдени статистички цели и се чуваат за период што не го надминува периодот потребен за единствена цел за создавање на статистички податоци.

## ЧУВАЊЕ, РОКОВИ И ЕВИДЕНЦИЈА

Личните податоци ќе се чуваат во форма што овозможува идентификација на субјектите на личните податоци само онолку време колку што е неопходно за да се исполни целта поради која личните податоци се обработувале, односно во законски дефинирани рокови за чување на личните податоци.

Контролорот може да го продолжи рокот за уште два месеци за поднесеното барање зависно од сложеноста и бројот на барањата од субјектот, кој се информира за секое продолжување во рок од еден месец.

Јавен обвинител на
Република Северна Македонија
**Љубомир Јовески**